ЗАПИСНИК

од 72-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 17.07.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Николина Лозановска – советник, Оливера Димитровска - раководител, Анета Киселоска – раководител и Игорче Ристески - советник.

На седницата како гости беа: Вецко Стојчевски, директорот на ООУ „Славко Лумбарковски“, Новаци, Пецо Трајчевски (претседател) и Влатко Талевски (секретар) на „ЗФК Новаци 2005“.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 71-та седница на Советот на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година;
3. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за имплементација на одобрениот проект„ DIGITAL ENHANCEMENT OF CURTURAL HERITAGE AND TOURISM“ – акроним „TOUR- HUB“;
4. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за имплементација на одобрениот проект „Emergency communication enhancement for resilience to natural risk and recovery from disasters“ – акроним „CRECALE“;
5. Разгледување на Барање од здружение „Младинска Граѓанска Акција“ за пренамена на просторија во Младинскиот центар;
6. Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства од ЗФК „ Новаци 2011“;
7. Разгледување на Барање од ЗФК „Новаци 2011“ за финасиски средства за натпреварувачката 2025/2026 сезона;
8. Разгледување на Годишен извештај за работа на ООУ „Славко Лумбарковски“, Новаци, за учебната 2024/2025 година;
9. Разгледување на Годишна програма за работа на ООУ „Славко Лумбарковски“, Новаци, за учебната 2025/2026 година;
10. Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства во период од 06.08.2024 до 31.05.2025 год. од „ЗФК Новаци 2005“;
11. Разгледување на Финансиска програма за 2025 год. (есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, Новаци;
12. Разгледување на Финансиска програма за 2025 год. (есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, Новаци (младинска школа).
13. Советнички прашања.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, по што гласаа и со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 72-та седница на Советот на Општина Новаци.

1. **точка** Разгледување и усвојување на Записник од 71-та седница на Советот на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 71-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. **точка** Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година

По однос на оваа точка, збор зеде раководителката на финансии Оливера Димитовска, која пред советниците го презентираше вториот квартал од буџетската 2025 год. Имено таа изјави дека во вториот квартал има остварување од 60% од вкупниот буџет, 48% имаме остварување во капиталните инвестиции, додека во кредитните линии нема никаква промена. Таа потенцира дека училиштето и градинката на крајот од годината ќе имаат финансиски проблеми затоа што платите на вработените се зголемија, но големината на блок дотациите останува иста, така што Општина Новаци ќе треба финансиски да ги поддржи за да можат да ги исплатат основните месечни трошоци.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на томесечен извештај за извршување на буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година (втор\квартал)

3. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за имплементација на одобрениот проект„ DIGITAL ENHANCEMENT OF CURTURAL HERITAGE AND TOURISM“ – акроним „TOUR- HUB“

Игорче Ристески, пред Советот даде објаснување за одлуката која се однесува на проект кој е веќе одобрен од Програмата за прекугранична соработка, а во кој како партнери се појавуваат две општини од Р.Грција, со вкупен буџет од 340.542,50 евра. Општина Новаци ќе треба да партиципира со свои средства во износ од 15% од вкупниот буџет, кој износ по завршувањето на проектот ќе биде покриен од Министерството за локална самоуправа на РСМ.Главна цел на овој проект а се однесува на нашата општина е реконструкција на училишната зграда во с. Градешница.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност за имплементација на одобрениот проект „DIGITAL ENHANCEMENT OF CULTURAL HERITAGE AND TOURISM“ – акроним TOUR-HUB.

4. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за имплементација на одобрениот проект „Emergency communication enhancement for resilience to natural risk and recovery from disasters“ – акроним „CRECALE“

И по однос на оваа точка збор зеде Игорче Ристевски, кој на советниците им даде објаснување дека овој проект е исто така прекугранично проект со Р. Грција, во кој како партнери се вклучени институции од Македонија, Грција, Италија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина. Овој проект е со вкупен буџет од 134.946,00 евра, а што се однесува на Општина Новаци, целта на проектот е подочрување на капацитетите за заштита од поплави и ерозија на земјиштето.

По дискусијата, советниците гласаа, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за давање на согласност за имплементација на одобрениот проект "emerGency communication enhancement for REsilienCe to nAturaL risks and recovery from disastErs", код IPA-ADRION00208 – акроним GRECALE.

5. точка Разгледување на Барање од здружение „Младинска Граѓанска Акција" за пренамена на просторија во Младинскиот центар

Советот беше информиран дека „МГА", има намера да пренамени просторија во Младинскиот центар во неформална библиотека и простор за учење.

Советот го разгледа барањето и **едногласно** донесе Одлука за одобрување пренамена на просторија во Младинскиот културен центар, Новаци.

6. точка Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства од ЗФК „ Новаци 2011";

ЗФК „Новаци 2011", Новаци, во 2024 год. доби финасиска помош со одлука од Советот на Општина Новаци во износ од 140.000,00 ден. за кои поднесе извештај поткрепено со фискални сметки и изводи од банка.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** го усвои Извештајот и донесе Одлука за усвојување на Извештај за потрошени финансиски средства од ЗФК „Новаци 2011", Новаци

7. точка Разгледување на Барање од ЗФК „Новаци 2011" за финасиски средства за натпреварувачката 2025/2026 сезона

По усвоениот извештај, Советот го разгледа барањето за финансиски средства со кои ЗФК „Новаци 2011" ќе има можност да учествува да се натпреварува во наредната фудбалска сезона 2025/26 год.

Советот со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за доделување на финансиски средства на ЗФК „Новаци 2011 " с. Новаци во износ од 140.000,00 ден.

8. точка Разгледување на Годишен извештај за работа на ООУ „Славко Лумбарковски", Новаци, за учебната 2024/2025 година

По однос на осмата точка, збор зеде Вецко Стојчевски, директор на ООУ „Славко Лумбарковски" кој го презентираше извештајот пред советниците. Тој нагласи дека просечниот успех на учениците од IV–IX одделение изнесува 4,35 и е поголем во однос на претходната година кога изнесувше 4,32 што е задоволително. Исто така во изминатата учебна година завршиле успешно 168 ученици, сите имале примерно поведение и сите ученици добивале исхрана која е организирана од Општина Новаци.

Советниците со **8 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ ,,Славко Лумбарковски" - Новаци за учебна 2024/2025 година.

*Советничката Сузана Јовановска, како вработена во ООУ „Славко Лумбарковски" не гласаше за точките бр. 8 и бр. 9 од дневниот ред.

9. точка Разгледување на Годишна програма за работа на ООУ „Славко Лумбарковски", Новаци, за учебната 2025/2026 година

И по однос на оваа точка збор зеде директорот Вецко Стојчевски кој изјави дека во наредната учебна година во 13 паралелки ќе се запишат 149 ученици. Програмата се изготвува врз основа на развојната програма, правилниците и програми за работа на училиштето.

По излагањето на директорот се разви дискусија меѓу директорот и советниците. По дискусијата Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебна 2025/2026 година;

10. точка Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства во период од 06.08.2024 до 31.05.2025 год. од „ЗФК Новаци 2005“;

Советниците ги разгледаа поединечните Извештаи (соодветно на донесените одлуки за доделување на финасиски средства на „ЗФК Новаци 2005“ за натпреварувачката сезона 2024/25), по што советникот Иванчо Котевски заде збор и пред советниците ги посочи неправилностите кој ги воочил при детално разгледување на извештаите. Со цел подетално излагање на извештаите и појаснување на сите воочени недоследности беа повикани Пецо Трајчевски (претседател) и Влатко Талевски (секретар) на „ЗФК Новаци 2005“. При дискусијата Советникот Иванчо Котевски постави низа прашања како на пр. за висината на хонорарот на секретарот и на тренерот, за исплатениот износ по основ на кирија, за износот што е потрошен за набавка на гориво, за разликата во исплатата на фудбалерите (исплатениот износ се разликува од износот кој е наваден во финансиската програма),за исплатените позајмици, за непостоењето на соодветни договори и сл. На овие прашања повиканите претставници на „ЗФК Новаци 2005“ даваа одговори за кои дел од советниците сметаа дека се нецелосни, нејасни и неточни.

По исцрпната дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **4 гласа за, 2 гласа против и 3 гласа воздржани** донесе Заклучок со кој Извештаите од ЗФК ,,Новаци 2005“, Новаци за период 06.08.2024г. до 31.05.2025г. не ги усвои, поради неправилности и нејасно прикажано трошење на средства.

11. точка Разгледување на Финансиска програма за 2025 год. (есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, Новаци

Советот на Општина Новаци, ја разгледа Финансиската програма за 2025г. (есенски дел) од ЗФК ,,Новаци 2005“ од Новаци по што со **4 гласа за, 2 гласа против и 3 гласа воздржани** и донесе Заклучок со кој истата не ја усвои.

12. точка Разгледување на Финансиска програма за 2025 год. (есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, Новаци (младинска школа).

Советниците, по разгледувањето на Финансиската програма на младинската школа за 2025 год. (есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, гласаше и со **4 гласа за, 2 гласа против и 3 гласа воздржани** и донесе Заклучок со кој не ја усвои.

13. точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни прашања со што 72-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска